ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2020 ГОДИНА
# СМЕТКА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ (930)

01 2021 07 02/3

Скопје, октомври 2021

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| **Финансиски извештаи за 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 8 |
| Сметководствени политики | 8 - 10 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 10 - 13 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ - Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 17 – 176/17
Датум: 15.10.2021

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Куманово, сметка на приходи на буџет на дотации (930), за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година.

Извршена е ревизија за 2008 година и издаден е извештај за финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Општина Куманово, сметка на приходи на буџет на дотации (930) и е изразено мислење без резерва.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт по основ на блок дотации од областа на образованието, културата, детската заштита, социјалната заштита и наменски дотации за пожарникарството.

За распределба на средствата од блок дотациите, Општина Куманово има донесено Одлуки[1] за утврдување критериуми за распределба на средствата од блок дотациите по јавни установи.

На сметката на приходи на буџет на дотации (930) на општината на 31.12.2020 година има неискористени средства од корисниците на блок дотации во износ од 61.953 илјади денари, односно 6% од вкупните приходи на оваа сметка.

Советот на Општина Куманово, согласно Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа[2] донел Одлуки[3] за префрлање

[1] Одлука за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за основно образование за 2020 година бр. 09-7937/27 од 14.11.2019 година и
Одлука за утврдување критериуми за распределба на блок дотации за средно образование за 2020 година бр. 09-7937/28 од 14.11.2019 година
[2] Сл. весник на РСМ број 77/2021 од 06.4.2021 година
[3] Одлука бр. 09-3431/7 од 29.04.2021 година и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката бр. 09-4040/19 од 26.05.2021 година за префрлање на вишок на средства

на вишокот на средства во износ од 43.000 илјади денари од сметката на приходи на буџет на дотации (930) на сметката на основен буџет (630). Средствата се наменети за изградба и реконструкција на мини детски и училишни игралишта и санација и реконструкција на санитарни јазли, тоалети и кровни конструкции и набавка на дигитална опрема и помошно технички помагала за кабинетска настава.

Од страна на одговорното лице на Општина Куманово не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 и 7 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Куманово, сметка на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и издаден извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Куманово, сметка на приходи на буџет на дотации (930) за 2008 година, во кој е изразено мислење без резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово од 20.10.2017 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5 Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните

намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на користените сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат соодветна основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цел, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3 Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.03.2021 година до 15.06.2021 година, кај Општина Куманово, од тим на Државниот завод за ревизија.

3. Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден на 16.07.2021 година.

Од страна на одговорното лице на Општина Куманово не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

4. Ревизорско мислење

Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Општина Куманово на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

ОПШТИНА КУМАНОВО

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло - жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 1.094.504 | 962.853 |
| **Вкупно приходи** | | **1.094.504** | **962.853** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 899.068 | 786.094 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 99.052 | 151.226 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 3.152 | 2.263 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.001.272** | **939.583** |
| | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 31.279 | 3.957 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **31.279** | **3.957** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **1.032.551** | **943.540** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **61.953** | **19.313** |

ОПШТИНА КУМАНОВО

Сметка на приходи на буџет на дотации (930)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2020 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло - жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| | | | |
| Тековни средства | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 61.953 | 19.313 |
| Вкупно тековни средства | | 61.953 | 19.313 |
| | | | |
| Вкупна актива | | 61.953 | 19.313 |
| | | | |
| Пасива | | | |
| Тековни обврски | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 61.953 | 19.313 |
| Вкупно краткорочни обврски | | 61.953 | 19.313 |
| Вкупна пасива | | 61.953 | 19.313 |